Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 септември 2024 година

Скопје, септември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 септември 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:35 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата Игор Филков, министер за правда, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош, за изработка на проектна документација (пред-физибилити студија, физибилити студија, анализа на пазарот, студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, идеен проект и тендерска документација) за „Соларно централно греење Битола“, со прилози

2. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош, за изработка на проектна документација (физибилити студија, анализа на пазарот, студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, идеен проект и тендерска документација) за „Систем за батериско складирање на електрична енергија, SCADA систем и софтвер за планирање на производство и тргување со електрична енергија“, со прилози

3. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош за проектот „Озеленување и дигитализација на преносната мрежа во Југозападна Македонија и Пелагонија“

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## <u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош, за изработка на проектна документација (пред-физибилити студија, физибилити студија, анализа на пазарот, студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, идеен проект и тендерска документација) за „Соларно централно греење Битола“, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Кредитната банка за обнова (КфВ), веднаш, да ја изработи предметната апликација за изработка на проектна документација за „Соларно централно греење Битола“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од четири дена од добивање на апликацијата за изработка на проектна документација за „Соларно централно греење Битола“ да ја разгледа истата и да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и (КфВ) и истото да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

3. Се задолжува НИПАК/Министерството за европски прашања по добивање на писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот Триесет и први повик за техничка помош за изработка на проектна документација за „Соларно централно греење Битола“.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош, за изработка на проектна документација (физибилити студија, анализа на пазарот, студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, идеен проект и тендерска документација) за „Систем за батериско складирање на електрична енергија, SCADA систем и софтвер за планирање на производство и тргување со електрична енергија“, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), веднаш да ја изработи предметната Апликација за изработка на проектна документација за „Систем за батериско складирање на електрична енергија, SCADA систем и софтвер за планирање на производство и тргување со електрична енергија“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од четири дена од добивање на Апликацијата за изработка на проектна документација за „Систем за батериско складирање на електрична енергија, SCADA систем и софтвер за планирање на производство и тргување со електрична енергија“ да ја разгледа истата и да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и ЕБОР и истото да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

3. Се задолжува НИПАК/Министерството за европски прашања по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот Триесет и први повик за техничка помош за изработка на проектна документација за „Систем за батериско складирање на електрична енергија, SCADA систем и софтвер за планирање на производство и тргување со електрична енергија“.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош за проектот „Озеленување и дигитализација на преносната мрежа во Југозападна Македонија и Пелагонија“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии веднаш по добивање на апликацијата за изработка на проектна документација за „Озеленување и дигитализација на преносната мрежа во Југозападна Македонија и Пелагонија“ да ја разгледа истата, да подготви Писмо за поддршка за апликацијата и да го проследи до НИПАК/Министерството за европски прашања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и АД МЕПСО.

2. Се задолжува НИПАК/Министерството за европски прашања по добивање на Писмото за поддршка од Министерството за финансии, да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на тековниот триесет и првиот повик за техничка помош за изработка на проектна документација за „Озеленување и дигитализација на преносната мрежа во Југозападна Македонија и Пелагонија“.

## Точка 4

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 5

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Александар Николоски**